http://www.slobodensoftver.org.mk
email: info@slobodensoftver.org.mk

# Слободен софтвер
# Слободно општество

Новица Наков
Слободен софтвер Македонија
novican@mt.net.mk

Ова предавање ќе се обиде да даде одговори на неколку прашања:

• Што е слободен софтвер?
• Зошто е тој подобар од неслободниот софтвер?
• Кој се треба да користи слободен софтвер?
• Дали и ти треба да користиш слободен софтвер?

Но пред се, мало претставување...

Слободен Софтвер Македонија

## Кои сме ние?

НВО кое се занимава со промовирање, развој и дистрибуција на слободниот софтвер на територијата на Република Македонија.

## Кој сум јас и зошто е тоа важно?

Не мора да бидеш компјутерџија за да сфатиш што е слободен софтвер, за да користиш слободен софтвер и за да и помогнеш на заедницата!

# Почнуваме од почеток

Софтвер:

- Програмерите пишуваат софтвер. Тие се автори на изворниот код;
- Корисниците го користат софтверот под услови пропишани во лиценцата под која авторите дозволуваат да се користи софтверот;
- Корисниците немаат потреба од изворниот код се додека не посакаат софтверот да прави нешто ново;
- Оној кој легално го контролира изворниот код, го контролира и развојот на софтверот.

# Поглед кон минатото

- Во 60-тите и 70-тите години на минатиот век софверот беше слободен;
- Веќе во 80-тите години големите корпорации го направија софтверот неслободен – им ја одземаа слободата на корисниците;
- Движењето за слободен софтвер, како социјално и етичко движење, предводено од Ричард Сталман, започна во почетокот на 80-тите години;
- Денес можете да користите слободен софтвер на своите компјутери – слободата е најважна.

# Што е слободен софтвер?

Дефиницијата објавена од FSF е:

Слободниот софтвер значи да имаш 4 слободи:

- Да ја користиш програмата за било која намена или цел.
- Да го проучиш и промениш кодот на програмата.
- Да му помогнеш на соседот со дистрибуирање копии.
- Да и помогнеш на заедницата со издавање подобрени верзии на програмот.

# Што значи оваа дефиниција?

- Софтверот можеш да го користиш на колку сакаш и какви сакаш компјутери.
- Софтверот можеш да го прилагодиш на своите потреби.
- Можеш да направиш колку сакаш копии од софтверот и со нив да правиш што сакаш.
- Твоите подобрувања можеш да ги објавиш во јавноста и да им помогнеш на другите, да му помогнеш на општеството.

Слободен Софтвер Македонија

## А што е неслободен софтвер?

По дефиниција било кој софтвер кој не ти ги дава тие четири слободи е неслободен софтвер.

## Неслободниот софтвер е лош затоа што:

• Со него не го контролираш компјутерот кој го користиш.
• Тој може да ја загрози твојата приватност.
• Твоите желби не се почитуваат.
• Ако сакаш да му помогнеш на твојот сосед ќе те сметаат за криминалец.

# Некои други непријатели на слободната употреба на компјутерите

- Рестриктивни лиценци
- Патенти
- Затворени формати

# Слободниот софтвер и општеството

• Слободниот софтвер има социјално, етичко, и политчко значење.
• Слободниот софтвер има и економско значење.

Развојот на IT е добар за општеството. Слободниот софтвер е начин да се стигне побрзо до целта.

# Слободниот софтвер во пракса

• Слободниот софтвер е софтвер кој можеш да го користиш во твојата секојдневна работа.
• Цената на слободниот софтвер е многу помала од онаа на неслободниот.
• Голема количина слободен софтвер може да се најде на македонски јазик.
• Заедницата на слободниот софтвер во Македонија расте.

Слободен Софтвер Македонија

# Кој произведува слободен софтвер?

• Фирми од приватниот сектор, големи и мали.
• Индивидуални програмери кои тоа го прават за пари или забава.
• Разни други организации, фондации...

# Кој користи слободен софтвер?

- Компјутерски корисници на своите домашни компјутери.
- Голем број на универзитети.
- Голем број на фирми од IT секторот, но и други фирми.
- Се поголем број на држави т.е. влади.

# Има ли ваков или онаков слободен софтвер?

• GNU/Linux е слободен оперативен систем.
• OpenOffice.org е слободен канцелариски пакет.
• Mozilla е слободен Интернет пакет.
• Многу други алатки и софтвер кој не е од примарен интерес за обичниот корисник: apache, sendmail, perl, php, python, Zope итн.

## Вообичаени заблуди за слободниот софтвер

• Слободниот софтвер е бесплатен софтвер.
• Слободниот софтвер е тежок за користење.
• Слободниот софтвер ја загрозува работата на програмерите.

Заеднички одговор за сите: не е така!

Слободен Софтвер Македонија

# Слободниот софтвер и образованието

• Слободниот софтвер може да им заштеди пари на училиштата/факултетите
• Слободниот софтвер може да го подобри образованието на идните програмери
• Слободниот софтвер ги учи луѓето да бидат добри граѓани, добри луѓе – да си помагаат еден на друг.

Слободен Софтвер Македонија

# Слободниот софтвер и државата

- Покрај очигледната цел на секоја влада рационално да ги троши парите на своите граѓани, владите имаат и поширока задача.
- Владата треба да ја води својата земја во вистинска насока, насока која е во интерес на граѓаните.
- Слободниот софтвер веќе добро се докажа како значаен за граѓанското општество за да биде игнориран од владите.

# Слободниот софтвер и новинарите

- Новинарите се тие кои поставуваат прашања и пренесуваат информации.
- Јавноста треба да биде запознаена со прашањата за и околу софтверот, особено слободниот софтвер.
- Новинарите како активен дел од јавноста можат да ја играат улогата на “role model” за останатите компјутерски корисници.

# Заклучоци:

- Софтверот има внатрешна потреба да биде слободен.
- Слободниот софтвер ти овзоможува тебе како корисник да имаш целосна контрола над технологијата која ја користиш.
- Слободниот софтвер може да помогне во целокупниот развој на општеството.
- Секој може да помогне во развојот на слободниот софтвер.

Благодарам за вниманието.
Време е за прашања. :-)